# З А П И С Н И К

## ОД 1.ТА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ОДРЖАНА НА ДЕН 12.04.2013 ГОДИНА ВО САЛАТА ЗА СОСТАНОЦИ ПРИ ОПШТИНА БЕРОВО СО ПОЧЕТОК ВО 10:00 ЧАСОТ

Седницата ја отвори и со неа раководеше Славчо Аждерски, најстариот член на претходниот Совет на Општина Берово.

Од 15 советници, на седницата присутни беа сите нови 15 советници: Предраг Монев, Антонио Двојаковски, Влатко Ванкански, Дамјан Црвенковски, Виолета Димовска, Јасминка Димовска, Митко Кржовски, Гоце Ружински, Благица Русковска, Златко Скендерски, Дејан Пачемски, Биљана Марковска, Јован Матеничарски, Сунчица Цонкинска и Звонко Миовски.

На седницата исто така присуствуваше и Градоначалникот на Општина Берово Драги Наџински.

За работата на Советот на оваа седница, Претседавачот од претходниот Совет Славчо Аждерски го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД**

1. **Решение за избор на претседател и членови на Верификациона комисија на Советот на Општина Берово;**
2. **Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Берово;**
3. **Давање на свечена изјава.**

Претседавачот со Советот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот дневен ред за работа на 1.та конститутивна седница:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д:**

1. **Решение за избор на претседател и членови на Верификациона комисија на Советот на Општина Берово;**
2. **Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Берово;**
3. **Давање на свечена изјава.**

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предложениот ДНЕВЕН РЕД за работа на 1.та конститутивна седница.

1. ***<u>Решение за избор на претседател и членови на Верификациона комисија на Советот на Општина Берово</u>***

Претседавачот со Советот отвори расправа по Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општина Берово.

За претседател на комисијата беше предложена Виолета Димовска, а за членови Антонио Двојаковски и Јован Матеничарски.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот за претседател и членови на Верификационата комисија.

2. ***Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Берово***

Претседавачот со Советот отвори расправа по Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Берово.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Берово.

3. ***Давање на свечена изјава***

Претседавачот со Советот Славчо Аждерски отвори расправа по давањето на свечена изјава.

Советниците положија свечена изјава и истата беше потпишана од нивна страна.

Градоначалникот Драги Наџински од негово лично име и од име на општинската јавна администрација им го честита мандатот на новоизбраните советници, посакувајќи им успешна и плодна работа. Тој посочи дека иако Советот како институција е политичко тело составено од претставници од сите политички партии на општинско ниво, кои треба да ги штитат интересите на партиите, сепак не треба да заборавaат дека граѓаните се тие кои ги избрале, да работат за интересите на граѓаните, затоа што граѓаните што живеат во општината се оние кои очекуваат од советниците да се направи нешто што ќе ги подобри животните стандарди. Тој им напомена дека треба да работат во согласност со законот, затоа што се што ќе биде надвор од позитивните законски прописи, нема да биде усвоено. Зашто само со правилна работа на Советот ќе имаат чист образ да излезат пред граѓаните на следните избори, без разлика на тоа дали тие истите ќе бидат повторно избрани.

Освен честитки за мандатот, претходниот претседател на Советот Славчо Аждерски, им посака успешна работа и едногласно почитување меѓу себе во служба на општината.

Дневниот ред беше исцрпен.

Седницата заврши во 10:30 часот.

**Бр.07-1189/1**
**19.06.2013 година**
**Берово**

| | | |
|---|---|---|
| **Записничар** | | **Претседател на Совет** |
| **Зорица Ризовска** | | **________________** |
| **---------------------------** | **М.П.** | **---------------------------** |
| **(потпис)** | | **(потпис)** |